| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Волшебното другарче | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 4 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Имагинативност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 20 минути | 20 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развие фантазијата. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето има развиена фантазија. | |
| **Насоки** | |

**Претходна подготовка за активност**
Подготовка на разновидни материјали за работа по свој избор.

**Инструкции/насоки за играта**
Детето треба самостојно да изработи кукла или лик од разновидни материјали, со сечење, лепење, цртање и слично.

**Активност/игра**
Детето се поттикнува да зборува за волшебните ликови од бајките. Потоа се разговара за неговите размислувања дали сите мисли вербално ги споделува со другите, што е тајна, дали има тајни што не ги споделува со никој, дали има тајна што ја споделил со некој, дали тие се реални, нереални и слично.
Потоа, се насочува да измисли свој волшебен лик-другарче (може да биде во форма на кукла или симбол коешто е интересно за детето, пр. волшебна ѕвезда) и да го изработи со разновидни материјали кои ги има во домот (дрвена лажица, мала картонска кутија,

платно, чорапи и слично).
Откако детето ќе го изработи својот волшебен лик ќе му даде име, треба да си го чува на посебно место во својот дом и со него да ги споделува своите чувства, мисли, тајни и слично.
На овој начин детето ќе има можност за подобро изразување на позитивните и надминување на негативните чувства.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| / | • Разновиден материјал (дрвена лажица, мала картонска кутија, платно, чорапи и слично).<br>• Ножици<br>• Лепило |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека